СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 21 број 6	Чешиново-Облешево 07.04.2025 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно Плански регион 2021-2026 за 2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување **на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно Плански регион 2021-2026 за 2024 година**, што Советот на општина Чешиново – Облешево ја донесе на седницата одржана н а ден 07.04.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

.

Бр.09-807/1
07.04.2025 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново –Облешево („службен гласник на Општина Чешиново – Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019)Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 07.04.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно Плански регион 2021-2026 за 2024 година.

член 1

Се усвојува писмениот Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно Плански регион 2021-2026 за 2024 година изготвена од страна на Директорот на Центарот за Развој на Источниот плански регион.

член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново –Облешево

Бр.08-803/1
07.04.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Годишен Извештај за работењето на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на **Годишен Извештај за работењето на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2024 година** што Советот на општина Чешиново – Облешево ја донесе на седницата одржана н а ден 07.04.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

.

Бр.09-807/1 Општина Чешиново-Облешево
07.04.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново –Облешево („службен гласник на Општина Чешиново – Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019) Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 07.04.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У КА

За усвојување на Годишен Извештај за работењето на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2024 година.

член 1

Се усвојува писмениот **Годишен Извештај за работењето на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2024 година** со Годишниот финансиски извештај за работата на Центарот за 2024 година, изготвен од страна на Директорот на Центарот за развој на Источно плански регион.

член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново –Облешево„

Бр.08-804/1 Совет на
07.04.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за прогласување и објавување на Одлука за кофинансирање при имплементација на Проект во Општина „ Тротоари на улица Маршал Тито во село Спанчево“ и „Сообраќаен проект на улица Маршал Тито во село Спанчево“, Чешиново - Облешево

1.Ја прогласувам Одлуката за кофинансирање при имплементација на Проект во Општина „ Тротоари на улица Маршал Тито во село Спанчево“ и „Сообраќаен проект на улица Маршал тито во село Спанчево“, Чешиново – Облешево

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

што Советот на општина Чешиново – Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 07.04.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-806/1 Општина Чешиново-Облешево
07.04.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново –Облешево („службен гласник на Општина Чешиново – Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019)Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 07.04.2025 година ја донесе следната:

О д л у к а

за кофинансирање при имплементација на Проект во Општина „ Тротоари на улица Маршал Тито во село Спанчево“ и „Сообраќаен проект на улица Маршал тито во село Спанчево“, Чешиново - Облешево

Член 1

Во согласност со Договорот за заем склучен помеѓу Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка за Проектот за поврзување на локални патишта број 9034МК и 9210МК и согласно Одлука за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средствата од Договорот за Заем за проектот за поврзување на локални патишта бр. 44-1193/1 од 02.04.2020 година („Службен Весник“ на Република Северна Македонија бр.33/20) за алоцирање на средства за Општина Чешиново-Облешево обезбеди 623,596.93 евра, од кои Единицата за имплементација на проекти финансирани од Светска банка при Министерство за транспорт ќе објави тендерска постапка за избор на Изведувач за имплементација на проектот „ Тротоари на улица Маршал Тито во село Спанчево“ и „Сообраќаен проект на улица Маршал Тито во село Спанчево“ во Општина Чешиново-Облешево. Со цел целосна реализација на проектот, Општина Чешиново-Облешево дава согласност за кофинансирање на проектот за изведба, односно Општина Чешиново-Облешево ќе ги преземе сите трошоци за реализација на проектот кои ги надминуваат алоцираните средства од одлуката донесена од страна на Владата.

Член 2

Согласно предмер-пресметката проценета вредност на проектот ги надминува алоцираните средства за општината во износ од 350.000,00денари.

Член 3

Советот на Општина Чешиново - Облешево дава согласност за кофинансирање на средства во износ од 350.000,000 денари вклучувајќи и 10% за дополнителни, непредвидени и вишок на работи доколу се појават во текот на реализација на договорот за имплементација на Проектот „Тротоари на улица Маршал Тито во селло Спанчево„ и “Сообраќаен проект на улица Маршал тито во село Спанчево, во Општина Чешиново-Облешево.

Општината потврдува дека средствата ќе бидат предвидени во Буџетот на Општината за 2025 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува со денот на донесување, а ќе се објави во “Сл. гласник на Општина Чешиново-Облешево“.

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Бр.08-802/1 Совет на
07.04.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката
За утврдување на приоритет

1.Ја прогласувам Одлуката за **ОДЛУКА За утврдување на приоритет** што Советот на општина Чешиново – Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 07.04.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-805/1 Општина Чешиново-Облешево
07.04.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново –Облешево („службен гласник на Општина Чешиново – Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019)Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 07.04.2025 година ја донесе следната

ОДЛУКА
За удврдување на приоритет

Член 1

Со оваа Одука Советот на општина Чешиново-Облешево дава согласност и го утврдува како приоритетна инвестиција под-проектот ,,Тротоари на улица Маршал Тито во село Спанчево“ и „Сообраќаен режим на улица Маршал Тито во село Спанчево“, општина Чешиново-Облешево изработен од АСТРЕКС ДООЛ Скопје.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Чешиново-Облешево ’’

Бр.08-801/1 Совет на
07.04.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

СОДРЖИНА: Стр:

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно Плански регион 2021-2026 за 2024 година.....1

2.ОДЛУКА за усвојување на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно Плански регион 2021-2026 за2024година.....1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Годишен Извештај за работењето на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2024 година..... 2

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

4. ОДЛУКА За усвојување на Годишен Извештај за работењето на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2024 година.....2
5. РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлука за кофинансирање при имплементација на Проект во Општина „ Тротоари на улица Маршал Тито во село Спанчево“ и „Сообраќаен проект на улица Маршал Тито во село Спанчево“, Чешиново – Облешево.....2
6.ОДЛУКА за кофинансирање при имплементација на Проект во Општина „ Тротоари на улица Маршал Тито во село Спанчево“ и „Сообраќаен проект на улица Маршал тито во село Спанчево“, ЧешиновоОблешево.....3
7. РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката За утврдување на приоритет 4
8. ОДЛУКА За утврдување на приоритет ..4
9.СОДРЖИНА.....4

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО